# Понуда за обезбедување на ревизорски услуги

РЖ Економика

**за 2021 година**

# Содржина

За Грант Торнтон ........ 5
Ревизија и услуги на уверување ........ 10
Пристап и методологија ........ 15
Обем на работа и извештаи ........ 18
Надоместок и временска рамка ........ 21
Биографии ........ 24
Референтна листа ........ 31

Grant Thornton

**РЖ Економика АД, Скопје**
**Пошта 1001 п.фах 736**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**Е** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

20 мај 2021
Архивски број: 0801-422/1

## Понуда за обезбедување на ревизорски услуги

Почитувани,

Со особено задоволство Ви ја приложуваме нашата понуда за обезбедување на  високо професионални услуги на ревизија.

Реномето на нашата Фирма, квалитетот на услугата и искуството во работењето на исти и слични ангажмани докажува дека го поседуваме потребното искуство и технички капацитет да одговориме на сите Ваши барања во согласност со утврдениот обем на работа, што е причина повеќе да ни ја укажете вашата доверба и да не одберете за Ваши независни ревизори.

Вашата соработка со Грант Торнтон Северна Македонија подразбира соработка со тим на искусни професионалци кои имаат постигнато значајни успеси во ревизорската професија. Тие ќе бидат поддржани од страна на водечките партнери на ревизијата и ќе одговорат на Вашите барања за спроведување на високо квалитетна и ефикасна ревизија на Вашите финансиски извештаи.

Ние ќе ви бидеме достапни за консултации и проактивно ќе Ви понудиме поддршка според нашите претходни сознанија за вашите потреби.  За време на целиот ангажман ќе оствaруваме заеднички средби, кога потребите тоа ќе го наложат. Нашиот тим има богато искуство и може да одговори на сите ваши потреби и прашања.

Ви благодариме на можноста да Ви  доставиме понуда за избор на независен ревизор и сеопфатни професионални услуги за ревизија на финансиски извештаи и се надеваме на долгорочна и успешна соработка со Вас.

Со почит,

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

**Марјан Андонов**
Управител

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

# Запознајте го Грант Торнтон

# За Грант Торнтон

## Грант Торнтон Интернационал

Грант Торнтон Интернационал (во понатамошниот текст „Грант Торнтон“ или „GTIL“) е мрежа од независни фирми кои обезбедуваат услуги на уверување, даночни и советодавни услуги која вработува повеќе од 58,000 професионалци во 138 земји. Повеќе од 100 години, Грант Торнтон , преку своите фирми членки им помага на динамичните организации да ги постигнат своите стратешки цели. Независно, дали сакате да финансирате раст на својот бизнис, да управувате со ризиците и регулативата, да ги оптимизирате деловните активности или да реализирате вредност за засегнатите страни, ние можеме да Ви помогнеме.

Со соодветна поддршка динамичните организации можат да постигнат високи цели. Вам Ви се потребни ревизори кои имаат длабоко разбирање за вашиот бизнис, вашата индустрија и вашата поширока агенда за раст на вашиот бизнис. Нашите професионални способности, експертиза и култура се соодветен избор за Вас. Грант Торнтон е единствената организација која може да понуди силна комбинација на соодветни, квалитетни услуги и ефективна соработка за постигнување дополнителна вредност на вашиот бизнис.

## Како работиме

Инвестираме време за вистински да ја разбереме вашата деловна активност, да навлеземе во вашиот бизнис и да ви понудиме свежа перспектива да го одржите развојот. Делуваме агилно, со пократки рокови за донесување одлуки и со засилени тимови се со цел да ги постигнете посакуваните резултати кога брзината на завршување на ангажманот е од големо значење. Делувајќи на меѓународно ниво, нашата глобална мрежа има поставено меѓународни деловни центри и канцеларии на фирмите членки, кои овозможуваат координирање на меѓународното работење со цел постигнување на ефикасно управување и унапредување на меѓународните бизниси и односи.

## Зошто работиме

Ние вистински сакаме да Ви помогнеме да го отклучите вашиот потенцијал за раст. Независно дали станува збор за зголемување на вредноста на заинтересираните страни, подобрување на оперативната ефикасност или градење доверба на инвеститорите, ние правиме баланс меѓу најдоброто решение за вас во иднина со тоа што ви е потребно во моментот врз основа на нашето искуство.

## Нашата култура и вредности

Повеќе од 100 години, културата во рамките на Грант Торнтон е една од најзначајните вредности која не води кон вистинската насока. Претставувајќи карактеристична глобална култура, развивме шест основни принципи, познати како наши „СРСАПО“ вредности:

- Соработка: побарај помош, понуди помош – ние работиме заедно
- Раководење: имај храброст да ги инспираш другите – ние се поттикнуваме меѓусебно да бидеме најдобри што можеме
- Совршенство: секогаш барај подобар начин - ние секогаш ќе се трудиме да да постигнеме најдобри резултати
- Агилност: мисли отворено, делувај брзо - преку промените постигнуваме успех
- Почит: слушај, разбери и биди отворен - ние создаваме искрени односи
- Одговорност: искористете го влијанието мудро - ние сме одговорни за нашите постапки.

# За Грант Торнтон

### Разновидност

Нашата разновидност ни помага да одговориме на барањата во светот што секојдневно се менува. Го цениме фактот што нашите вработени доаѓаат од различни сфери на животот и резултат на оваа разновидност на искуства и перспективи е нашата организација да биде посилна. Нашите тимови нудат различна перспектива во работата со нашите клиенти и се способни да одговорат на предизвиците со кои секојдневно се соочуваат. Се однесуваме праведно кон секого и никогаш не правиме разлика врз основа на етничката припадност, раса, религија или верувања, пол, сексуална ориентација, брачен статус, возраст или физичка попреченост.

### Растеме заедно во заедницата

Заснована врз нашите шест водечки принципи, „Растеме заедно во заедницата“ претставува посветеност на Грант Торнтон за ангажман во заедницата. Веруваме дека секоја личност може да придонесе со активно вклучување во својата заедница.

Многу инспиративни луѓе од Грант Торнтон низ целиот свет обезбедуваат иновативни, хумани и општествено корисни услуги во заедниците во кои работат и живеат. Следете го нашиот хаштаг #GTinthecommunity за да видите како нашите луѓе прават разлика.

### Импакт2030

Грант Торнтон е основачки партнер на ИМПАКТ2030 и во 2018 година, Питер Бодин, извршниот директор на Грант Торнтон Интернационал, беше назначен за Претседател на бордот на директори.

ИМПАКТ2030 е коалиција предводена од приватниот сектор, која има за цел да ги насочи колективните вештини, искуствата и интереси на корпоративните волонтери кон помагање на Обединетите нации во остварувањето на нивните цели за одржлив развој.

### Фокус на Северна Македонија

Грант Торнтон Северна Македонија е една од водечките фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и советодавни услуги. Со 2 канцеларији во Скопје и 60 вработени, со примена на силни технички способности и големо искуство при обезбедување на услуги се стремиме нашите клиенти да добијат навистина различно професионално искуство.

Ние сме една од најуспешните фирми во регионот која нуди професионални услуги и е посветена на постојаност во обезбедувањето на услуги на клиенти од различни индустрии вклучувајќи корпорации, финансиски институции, владини институции и високо котирани индивидуи, преку отклучување на нивниот потенцијал за раст со обезбедување на значајни иактивни советодавни услуги во рамки на широкиот спектар на сеопфатни професионални услуги кои ги нудиме.

Преку засилени тимови за обезбедување услуги на клиенти, достапни партнери за извршување на ангажманот и пократки процедури за донесување на одлуки, ние се носиме со сложени и високо доверливи ситуации, со употреба на интелектуален капитал, неконвенционално размислување и пристап кој е заснован на принципот за решавање на настанатите проблеми.

Како резултат на нашето долгогодишно искуство во секторот и длабоко разбирање на потребите на нашите клиенти, вклучуваме наградувана техничка експертиза со интуиција, искуство и доверба, при обезбедувањето на прилагодени услуги и сеопфатни решенија, притоа комбинирајќи ги нашите силни страни од сите наши сектори на услуги како интегрирана фирма.

# За Грант Торнтон

## Глобален квалитет

Грант Торнтон постојано инвестира во своите луѓе, технологија и мониторинг за да се осигура дека фирмите членки доследно обезбедуваат високо квалитетни услуги ширум светот.

Глобалната рамка за квалитет претставува стандард кој треба да го постигнат сите фирми членки. Оваа рамка ги поставува заедничките стандарди за квалитет во обезбедувањето на ревизорски, даночни и советодавни услуги.

Рамката претставува трајна референтна точка што ги поставува очекувањата од фирмите членки да обезбедуваат услуги согласно договорените стандарди за квалитет. Го претставува глобалниот „тон од врвот“. Квалитет е да се направи нашата организација да работи за сите наши засегнати страни - од подобрување на услугите, системите и процесите, до исполнување на применливите професионални стандарди.

Во Грант Торнтон ДОО, Скопје, ние сакаме да се осигураме дека обезбедуваме соодветни услуги по највисоки стандарди, на начин на кој нашите клиенти би сакале да ја препорачаат нашата фирма и би се зголемила довербата во нашата професија.

## Култура на квалитет во спроведување на ревизијата

Во Грант Торнтон квалитетот е неопходен елемент за обезбедување на услуги за ревизија. Ние сме фокусирани на обезбедување високо квалитетни ангажмани со исклучителна услуга за клиенти во средина која постојано се менува. Глобалната мрежа има воспоставено стандарди, системи за обезбедување на услуги, системи на внатрешни контроли и управување со ризици со цел да се обезбеди потребната рамка за исполнување на професионалните стандарди и да се обезбеди поддршка и ресурси за одржување на квалитетот.

Имаме посветена програма за следење на квалитет која се фокусира на шесте елементи на Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот (ISQC) 1. Според оваа програма, се прегледува квалитетот на ревизијата на сите наши фирми членки и даваме повратни информации за дизајнот, имплементацијата и работењето на нивните системи за контрола на квалитетот. Овој ригорозен пристап помага да се осигураме дека обезбедуваме долгорочни, и квалитетни услуги за нашите клиенти низ целиот свет.

Глобалната поддршка и ресурси за одржување на квалитет, вклучува:

- методологија за ревизија, со софтвер за поддршка;
- политики и процедури содржани во прирачниците за ревизија кои се во согласност со меѓународните стандарди за ревизија , контрола на квалитетот, независноста и стандардите за етика;
- протоколи кои им овозможуваат на фирмите членки да се консултираат со глобалниот тим за стандарди за ревизија и доколку е потребно, со експерти за ревизија на други фирми членки;
- протоколи кои им овозможуваат на фирмите членки да се консултираат со тимот за поддршка за Меѓународни Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ);
- сеопфатна интерна услуга во рамките на самата мрежа која вклучува обезбедување на ажурирани информации за фирмите членки за потребите за ревизија, финансиско известување, етика и стандарди за независност и упатства за нивно ефективно применување.

# За Грант Торнтон

### Управување со ризици и независност

GTIL ги следи професионалните ризици со оперативна поддршка од глобалниот тим за управување со ризици предводен од глобалниот раководител на секторот за управување со ризици и независност.

Фирмите членки ги усвојуваат глобалните политики и процедури на GTIL кои се дизајнирани да ја заштитат независноста во обезбедувањето на услуги и да ги идентификуваат околностите што можат да предизвикаат потенцијално нарушување на независноста или судир на интереси.

Нашите глобални политики и процедури за независност се засноваат на стандардите за независност на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) објавени во Кодексот на етика за меѓународните сметководители (IESBA), со дополнувања за регулирање на усогласеноста преку глобалните политики и процеси за независност.

### Интернет безбедност

Еден од најзначајните ризици со кои се соочува нашата професијата е ризик од  нарушување на компјутерската безбедност. GTIL спроведе тековна глобална програма за компјутерска безбедност за да ја намали изложеноста на мрежата од закани за нарушување на сајбер безбедност преку интегриран правен,  и технолошки пристап и пристап за контролирање на ризиците.  Сите фирми членки мора да ги исполнуваат минималните стандарди за компјутерска безбедност; годишните самопроценки за усогласеност се потврдуваат со периодични прегледи од трети страни засновани на процена на ризик.

Глобалната програма за следење на мрежата, исто така, користи услуга за рејтинг на трети страни за безбедност, с со цел  да идентификува промени во случаи кога се јавуваат слабости во делот на јавната безбедност. Од фирмите-членки, исто така, се бара да споделуваат информации во реално време во врска со инциденти со компјутерска безбедност што влијаат на повеќе од една фирма-членка, што помага да се ублажи ризикот од напад врз пошироката мрежа.  Конечно, одговорот на инцидентите е клучен за подготвеноста и од сите фирми се бара да имаат планови за одговор на инциденти и редовно  да ги тестираат своите програми.

# Ревизија и услуги на уверување

# Ревизија и услуги на уверување

### Ревизорскиот пристап на Грант Торнтон

Она што со сигурност може да очекувате да го добиете од фирмите членки на Грант Торнтон е високо квалитетна ревизија на Вашите финансиски извештаи. При подготовката на индивидуалната програма за ревизија која се однесува на Вашиот бизнис, ние ги комбинираме искуствата и експертизата на повеќе од 20,000 професионални ревизори ширум светот, со цел да спроведеме ревизија која ќе биде ефикасна и ќе обезбеди уверување на заинтересираните страни.

При спроведувањето на ангажманот нашите тимови ги комбинираат рационалноста и инстинктот; и ова е фундаменталниот аспект на нашата корпоративна култура и она што го прави Грант Торнтон различен од другите ревизорски куќи. Нашиот пристап содржи:

- редовни средби и блиска комуникација со одборот за ревизија и раководниот тим;
- квалитетен ревизорски тим и соодветна поддршка;
- сеопфатно планирање;
- употреба на  иновативна технологија;
- транспарентност во текот на целиот процес.

### Придобивка од нашиот ревизорски пристап

Ние разбираме дека секој клиент има различно разбирање за терминот „вредност“ кога станува збор за добивање ревизорски услуги. За да бидете сигурни дека Вие имате придобивка, која е најзначајна за заинтересираните страни во однос на Вашите финансиски извештаи, ние го започнуваме спроведувањето на ангажманот со формирање на високо квалификуван тим. Тимот ќе биде составен од посветени професионални ревизори кои го разбираат вашиот бизнис, како и индустријата во која делувате, а исто така можеме да вклучиме и експерти од областа на сметководството, даноци и информатичка технологија.

Заедно, овој тим не само што ќе спроведе високо квалитетна ревизија, туку тие ќе ја искористат можноста да ви обезбедат дополнителна вредност на вашиот бизнис обезбедувајќи увид и разгледување на темите кои се значајни за вас – овие информации може да ве насочат кон нови начини на размислување, унапредување на перформансите или ефикасност. Бидете сигурни дека ние во Грант Торнтон  веруваме дека секоја ревизија треба да понуди дополнителна вредност за вас и вашиот тим.

### Широк опсег на ревизорски и решенија на уверување кои можат да оговорат на вашите потреби

Имаме доволно вработени, искуство во ангажмани и индустрии и глобален пристап потребни да одговориме на барањата на динамичните организации ширум светот. Нашите тимови обезбедуваат услуги за уверување кои додаваат вистинска вредност и ја поддржуваат довербата на инвеститорот. Ние координираме, соработуваме и комуницираме врз основа на нашата заедничка глобална стратегија, што на крајот води кон поголема конзистентност и подобар квалитет.

Кон секој ревизорски ангажман пристапуваме со длабоко размислување, отворена дискусија и здрав разум. Во прилог на направената проверка дали финансиските резултати се правилно презентирани и ги исполнуваат применливите професионални стандарди, ние дополнително обезбедуваме забелешки и увид во реалното работење на вашиот бизнис.

# Ревизија и услуги на уверување

Услугите за ревизија и уверување на Грант Торнтон ДОО, Скопје опфаќаат:
- МСФИ ревизии;
- Законски ревизии;
- Преглед на финансиски извештаи;
- Преглед на финансиски информации;
- Договорни ревизии;
- Законско усогласување;
- Меѓународни ревизии.

## Глобална методологија за ревизија и технологија

Грант Торнтон користи глобална методологија за ревизија и пакет алатки за имплементација на истата. Секоја фирма членка ја прилагодува методологијата на локално ниво, согласно домашната релевантна законска регулатива и барања. Глобалната методологија им овозможува на фирмите членки да обезбедуваат високо квалитетени ревизорски усулуги и да применуваат конзистентна методологија на меѓународни организации.

Методологијата е јасно поврзана со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) и започнува со проценка на ризикот од "горе надолу" за да се овозможи добро фокусирана и ефективна ревизија. Проценката на ризикот започнува со добивање на разбирање за правниот субјект и околината на неговоот деловно работење, вклучително и интерна контрола. Ова разбирање му овозможува на ревизорот да направи соодветна „од горе надолу" проценка на ризикот фокусирана на сметковоствено ниво и да дизајнира релевантен одговор на идентификуваниот ризик за секој клиент. Секој одговор е прилагоден на специфичните ризици за секој клиент.

Глобалната ревизорска алатка ја има следнава функционалност:

- специфични упатства за помош на ревизорите при примена на методологијата за ревизија;
- флексибилност и приспособливост за извршување на ревизии од сите видови и големини;
- им овозможува на ревизорите да вршат висококвалитетни ревизии поефикасно;
- обезбедува безбедна средина за следење на промените во документацијата и безбедно складирање на работните документи.

Глобалните прирачници за програмите се развиени за да им помогнат на ревизорите во разбирањето на Методологијата и вклучуваат сесии за напредно работење со МСР стандардите, напредно совладување на методологијата, сесии за владеење на алатките и симулација на Audit 360. Сесијата за работење со МСР, која истовремено е и предуслов за останатите програми, вклучува повеќе онлајн модули фокусирани пред се на професионалните стандарди, станува збор за агностичка методологија која претставува основа за сите други учења.

Ние ја применуваме нашата глобална методологија преку интегриран пакет од софтверски алатки. Пакетот вклучува:

**Voyager:** алатка која им помага на ревизорските тимови во идентификување на ризиците кои постојат во финансиските извештаи и поврзаноста со процесите и внатрешните контроли воспоставени за решавање на овие ризици. Методологијата исто така им помага на ревизорските тимови во документирање, оценување и тестирање внатрешни контроли и дизајнирање на соодветен суштински одговор на настанатите прашања.

# Ревизија и услуги на уверување

**TBeam:** софтверски пакет од бруто биланс и работни листови, овозможувајќи им на ревизорските тимови автоматски да ги ажурираат водечките табели за промении во бруто билансот, врши аналитички процедури, оценува погрешни известувања и креира стандардни работни листови соглано потребата.

Прифаќање на нов клиент и продолжување на ангажманот: апликација со која се спроведуваат политики и процедури кои секоја фирма членка мора да ги применува при прифаќање на нови или да ги продолжи тековните ревизорски ангажмани.

Консултации: апликација што им овозможува на ревизорските тимови на фирмите членки да ги документираат консултациите со специјалистите во рамките на фирмата во однос на сметководствени, етички и ревизорски прашања.

Нашите ревизорски тимови исто така користат алатка за генерирање и анализа на потребни податоци, IDEA, која се користи за анализира на голем обем на финансиски податоци и да се генерираат потврди (конфирмации). Преку примената на IDEA, се пристапува до овие податоци само за неколку секунди.

### Глобални управни комитети за уверување

GTIL воспостави Стратешка Група за Уверување составена од лидери во делот на обезбедување на услуги за уверување чија цел е поставување и унапредување на глобалната стратегија за услугите на уверување. Членството вклучува раководни лица во делот на ревизијата од Австралија, Канада, Франција, Индија, Јапонија, Велика Британија и САД.

Дополнително, имаме и Глобални комитети за управување на квалитет на услуги на уверување со кој претседава националниот партнер за управување со ризик на ревизија на Грант Торнтон LLP (Канада). Членството вклучува земји како Австралија, Канада, Филипини, Кина, Франција, Велика Британија, Грција и Бразил.

### Прифаќање на клиент и задржување

Постигнување на професионална совршеност подразбира прифаќање и задржување на клиенти кои ги применуваат вредностите за квалитет и интегритет на Грант Торнтон. Глобалните процедури на Грант Торнтон за прифаќање и задржување на клиентот се дизајнирани со цел да им помогнат на фирмите членки во прифаќање на соодветен клиент.

Од фирмите членки се бара да бидат во согласност со глобалните процедури и политики за прифаќање или задржување на клиентите.

Доколку фирмите членки сакаат да прифатат одредени големи или високо ризични клиенти мора да побараат согласност од Одборот за прифаќање на клиенти, кои одредуваат дали овие ангажмани претставуваат прифатлив ризик за глобалната мрежа.

Овој одбор е предводен од глобалниот раководител на GTIL и девет партнери од различни фирми членки.

Членовите на комитетот претставуваат географски различни делови на фирмите членки. Комитетот единствено врши преглед на поднесеното барање за прифаќањето на нови или продолжување на тековните ангажманите за уверување од страна на фирмите членки доколку постојат еден или повеќе критериуми на ризик.

Овие критериуми покриваат различни потенцијални ризици, вклучувајќи ја големината на потенцијален клиент за ангажман за уверување, очекуваната висината на надоместокот кој произлегува од извршениот ангажман, потенцијални прашања кои можат да влијаат на угледот или скорешните искуства на другите фирми членки од ангажмани со котирани компании или од одредени индустрии.

# Ревизија и услуги на уверување

## Меѓународни стандарди за финансиско известување

Способноста за примена на  Меѓународните стандарди за финансиско известување  (МСФИ) е една од нашите основни вештитни. GTIL располага со постојано вработен тим одговорен за високо квалитетна и конзистентна примена на МСФИ стандардите во рамките на глобалната мрежа.

Тимот одговорен за МСФИ промовира конзистентност преку:

- обезбедување редовни програми за обука;
- канцеларии за  обезбедување на услуги за поддршка за МСФИ.
- објавување опширни и интерпретативни прирачници, билтени и други алатки и ресурси.

Ние исто така активно придонесуваме во развојот на МСФИ. Овој придонес вклучува поднесување на предлози за нови или дополнувања на веќепостоечките стандарди  како и учество во конференции и други настани.

GTIL е членка на Комитетот за толкување на МСФИ, Советодавниот Комитет за МСФИ како и Групата за имплементација на МСФИ кај малите и средни претпријатија (МСП).

# Пристап и методологија

# Пристап и методологија

### Ревизорскиот пристап на Грант Торнтон

Методологијата на Грант Торнтон е јасно поврзана со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) и започнува со проценка на ризикот од “горе надолу“ за да се овозможи добро фокусирана и ефективна ревизија. Проценката на ризикот започнува со добивање на разбирање за правниот субјект и околината на неговоот деловно работење, вклучително и интерна контрола. Ова разбирање му овозможува на ревизорот да направи соодветна „од горе надолу“проценка на ризикот фокусирана на сметководствено ниво и да дизајнира релевантен одговор на идентификуваниот ризик за секој клиент. Секој одговор е прилагоден на специфичните ризици за секој клиент.

### Процесот на ревизија

#### Пристап од пет чекори

| | |
|---|---|
| **Планирање** | Во оваа фаза ние вршиме преглед и стекнуваме разбирање за вашето работење, системот на интерна контрола и информационите системи. Заеднички ќе го планираме временскиот распоред за спроведување на ревизијата. |
| **Процена на ризиците** | Стекнатото знаење од процесот на планирање ќе го примениме при процената на ризиците при ревизијата. Ние ќе го прилагодиме нашиот пристап за да се фокусираме на клучните прашања. |
| **Евалуација на системите на интерна контрола** | Ние ќе извршиме процена на дизајнот и ефективноста  на системот за контрола кој го применувате за ризиците од финансиско известување. Ќе ги идентификуваме областите каде нашата ревизија може да биде поефективна или поефикасна со примената на пристап кој вклучува тестирање на контролите. Ќе ви обезбедиме информација за областите каде што потенцијално можете  да ги подобрите контролите. |
| **Ревизорско тестирање** | Ќе извршиме тестирање на состојбите и трансакциите. Ние користиме технологија и алатки за да го спроведеме процесот на начин кој ја зголемува ефикасноста и ефективноста. |
| **Наоди и известување** | Заклучоците ги донесуваме врз основа на резултатите од спроведените тестови. Ќе го финализираме нашиот извештај и ќе ви ги доставиме нашите согледувања, заклучоци и препораки. |

### Планирање

Планирањето е процес во кој ние се фокусираме на стекнување на разбирање за вашите деловни предизвици и ризици со кои се соочувате, организациона структура, клучните деловни процеси на финансиско известување, како и специфичните настани и трендови во индустријата со цел зголемување на ефикасноста на ревизијата.

### Процена на ризиците

При процената на ризиците во финансиското известување го применуваме од “горе надолу“ пристапот. Овој процес вклучува остварување состаноци со Вашиот одбор за ревизија и клучниот раководен персонал, како и одговорните лица во одделот за финансии. Истовремено вклучува и проверка на импликациите од финасиското известување кои произлегуваат од Вашите стратешки цели, задачи, бизнис планови  и ризични области. За време на процената на ризиците ги земаме во предвид и постоењето на измама или грешка што може да резултира со материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи.

# Пристап и методологија

### Евалуација на системите на интерна контрола

За развој на стратегија за ревизија, професионалните стандарди ни наложуваат да извршиме преглед на работењето на клиентот и неговото опкружување, притоа вклучувајќи ја и интернатата контрола. Го започнуваме овој процес со евалуација на контролите кои се поврзани со финансиското известување.

Оваа процена вклучува аспекти од вашето опкружување кое е предмет на контрола , процената на ризикот, мониторинг, информациските системи (вклучувајќи информациска технологија) и процесот на финансиско известување. Ние исто така вршиме преглед и на контролата на активностите за финансиско известување како што се евиденција и процесирање на трансакциите.

Добиените резултати ги користиме за да:

- ги идентификуваме различните типови грешки кои можат да настанат;
- се оценат недостатоците на внатрешните контроли кои можат да го зголемат ризикот од материјалните грешки;
- се дизајнираат стратегии за тестирање на интерна контрола каде таков пристап би бил соодветен.

Врз основа на оваа оцена, ние ќе ги идентификуваме областите каде ревизијата може да биде по ефективна и ефикасна со примена на пристап кој вклучува тестирање на контролите.

### Тестирање

Нашиот ревизорски пристап кој се заснова на ризиците се фокусира на оние тврдења од финансиските извештаи кај кои постои зголемен степен на ризик од материјални грешки. Врз основа на сознанијата со кои располагаме за вашето деловно работење и искуство со други субјекти од секторот, ќе извршиме комбинација од тестови и тоа на тестови на контрола, тестови на детали и аналитички процедури, како:

- потврдување (конфирмација) на состојбите или трансакциите;
- тестирање на високи вредности, невообичаени и други клучни ставки и ставки избрани со рутински примероци;
- повторна пресметка, проверка, постапки на набљудување;
- аналитички процедури, вклучувајќи анализа на трендови, анализа на показатели и тестови на разумност.

Нашиот фокус на предвременото планирање и разбирање на дејноста ни овозможува да ги прилагодиме нашите ревизорски процедури со цел да постигнеме ефективна и ефикасна ревизија. Нашиот пристап ќе вклучува претходни и завршни годишни тестирања.

### Наоди и известување

Ние ќе го изготвиме и доставиме следново:

- Извештај на независните ревизори за финансиските извештаи;
- Писмо до раководството во кое се објаснуваат недостатоците во контролата откриени при ревизијата, наша препорака за нивно решавање и други наоди и препораки за деловни прашања кои се покренати.

# Обем на работа и извештаи

# Обем на работа и извештаи

### Преглед на барањата

Ние ќе ја спроведеме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) кои се во примена во Република Северна Македонија[1].

Тие стандарди бараат да се придржуваме кон етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази во врска со износите и обелоденувањата во финансиските извештаи

Одбраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Исто така, ревизијата вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи

Поради инхерентни ограничувања на ревизијата, заедно со инхерентните ограничувања на внатрешните контроли, постои неизбежен ризик дека некои материјални погрешни прикажувања може да останат неоткриени, иако ревизијата е соодветно планирана и извршена во согласност со МСР.

При вршењето на нашата проценка на ризикот, ние ја земаме предвид интерната контрола која е релевантна за подготвувањето на финансиските извештаи од страна на ентитетот со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не со цел да се изрази мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.

Меѓутоа, ние писмено ќе комуницираме со вас во врска со сите значајни недостатоци на интерната контрола значајни за ревизијата на финансиските извештаи кои што ќе бидат идентификувани во текот на ревизијата.

Нашето мислење ќе се однесува на објективноста и точноста на Извештајот за финансиска состојба, Извештајот за сеопфатна добивка, , Извештајот за промените во капиталот, Извештај за паричен тек како и останатите објаснувачки белешки изготвени во согласност со релевантната законска регулатива на Република Северна Македонија.

За време на извршувањето на ревизијата, Вие треба да ни обезбедите:

- Пристап до сите информации за кои раководството е свесно дека се релевантни за подготвувањето на финансиските извештаи како што се евиденции, документација или други информации;
- Дополнителни информации кои можат да бидат побарани за целите на ревизијата;
- Непречен пристап до лицата за кои сметаме дека важни за прибавување на неопходните ревизорски информации;
- Писмо со изјави во кое раководството ја потврдува одговорноста за подготовката и објективно презентирање на финансиските извештаи, дека сите трансакции се евидентирани и соодветно презентирани во финансиските извештаи, како и сите други изјави релевантни за ревизијата на финансиските извештаи.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија ("МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување ("ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.79 од 2010 година..

# Обем на работа и извештаи

Нашата ревизија е извршена врз основа на разбирањето дека раководството прифаќа и разбира дека има одговорност:

- За подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје за 2021 година во согласност со законската регулатива на Република Северна Македонија (Сл.Весник на РМ бр. 28/2004.....290/2020) и Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, на македонски јазик;

- За подготвување и објективно презентирање на Годишниот извештај на Друштвото за 2021 година, на македонски јазик;

- За интерните контроли за кои раководството определило дека се потребни при подготвување на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, било заради измама или грешка.

## Обем на работа

Активностите превземени од страна на Грант Торнтон ДОО, Скопје во рамките на ангажманот ќе вклучуваат:

- Ревизија на финансиските извештаи на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 Декември 2021, изготвени во согласност со законската регулатива на Република Северна Македонија (Сл.Весник на РМ бр. 28/2004.....290/2020) и Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија;

- Проверка на конзистентноста на Годишниот извештај за работењето на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје 2021 година со годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштво (Закон за ревизија член 34, Сл. Весник на РМ бр. 83/2018).

Доколу ситуацијата со пандемијата на Covid19 не дозволува ревизијата да се одвива во просториите на Друштвото, тогаш истата Ќе се спровете со примена на т.н. remote процедури.

## **Извештаи**

Врз основа на резултатите добиени при вршењето на ревизијата и по комплетирањето на ревизијата, ние ќе издадеме;:

- Извештај на независните ревизори, на македонски јазик, од извршената ревизија на финансиските извештаи на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 Декември 2021;

- Извештај на независните ревизори, на македонски јазик, од извршената проверка на статутарниот годишен извештај за работењето на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје за 2021 година;

- Писмо до Раководството, на македонски јазик, на Друштвото во кое ќе бидат претставени ревизорските наоди и коментари во врска со сметководствениот систем, организацијата на работење, внатрешната контрола, информационите системи и операции и обемот и резултатите од работењето со препораки за нивно отстранување и подобрување.

# Надоместок и временска рамка

# Надоместок и временска рамка

### Надоместок

За да го одредиме финансискиот надоместок, внимателно ја разгледавме вредноста на тоа што ќе ви го понудиме. Транспарентноста е важна за нас во Грант Торнтон ДОО, Скопје, затоа со задоволство ќе разговараме со вас подетално за овој аспект на нашиот предложен надоместок.

### Придобивки

Ние сме отворени и транспарентни во поглед на политиката за цени кон сите наши клиенти.

Нашата сеопфатна финансиска понуда за Вас е дадена во продолжение. Веруваме дека со ангажирањето на Грант Торнтон ДОО, Скопје за ваши ревизори, Вие ќе ја добиете вистинската вредност и Ве уверуваме дека инвестицијата во Грант Торнтон ДОО, Скопје е оправдана, имајќи во предвид дека придобивките од нашите услуги кои ќе ги остварите се многукратно поголеми од надоместокот кој ќе го платите.

Пред почетокот на секој ангажман, ќе Ви овозможиме комплетен увид во она што ние ќе го изработиме, за кој надоместок и кои се целите и придобивките за вашето деловно работење. Исто така можете да бидете сигурни дека нема да се сретнете со непријатни изненадувања поврзани со висината на цената.

Иако професионалните услуги често се сметаат за класичен производ, факт е дека треба да очекувате дополнителна вредност од ангажманот на ревизорот.

Ве уверуваме дека ќе се потрудиме покрај услугата која ја извршуваме, да Ве запознаеме со сите можности за раст на Вашиот бизнис кои ветуваат идни успеси.

### Зошто можете да ни верувате

Нашиот предложен надоместок е утврден врз основа на нашето искуство и врз основа на следниве претпоставки:

- Временската рамка за спроведување на ангажманот се договара на почетниот состанок и истата мора да се почитува;
- Клучниот персонал е достапен во текот на работниот ден, за време на спроведувањето на ревизијата , за да навремено одговорат на прашањата кои може да произлезат како и да излезат во пресрет на барањата за дополнителни информации;
- дополнителни услуги од кои произлегуваат дополнителни надоместоци, доколку постојат, ќе ги договориме со вас пред да отпочнеме со активности за нивно спроведување;
- сите неопходни податоци, документација, информации, заедно со договорените дополнителни распореди се достапни пред започнување на ангажманот ;
- Вие како клиент се согласувате дека во интерес на рамнотежа за нашите вработени, прекувремената работа нема да надмине 5% во целина;

Наша јасна намера е да одржиме постојан тим во рамките на ангажманот; сепак, го задржуваме правото да направиме промена во тимот за времетраењето на ангажманот. Одредени услови може да предизвикаат потреба од промена на тимот, врз основа на заминување, унапредувања и дополнителни ресурси посоодветни за вашиот тип на ангажман.

Нема да постојат изненадувања; предложените надоместоци вклучуваат одговори од наша страна на рутински прашања кои произлегуваат за време на ангажманот и ние сакаме да охрабриме постојан дијалог со Вас и вашите тимови.

# Надоместок и временска рамка

**Професионални услуги**

| Ангажман | Нето надоместок во евра |
|---|---|
| Ревизија на финансиски извештаи на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2021; Проверка на конзистентноста на Годишниот извештај за работењето на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје за 2021 година со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото. | €2,000.00 |

| Начин на плаќање | % |
|---|---|
| I рата – со започнување на теренска работа | 50% |
| II рата – со достава на нацрт извештај | 50% |

Надоместокот и направените трошоци не вклучуваат локални, државни или странски даноци, камата или банкарски трошоци, давачки од било каква природа. Надоместокот ќе биде платен во македонски денари, пресметано по среден курс на еврото објавен од НБРСМ на денот на фактурирањето.

## Временска рамка

Детално и добро координирано планирање на ревизијата е од клучно значење за нејзино ефикасно спроведување. Предложен план бара да се воспостави блиска соработка помеѓу нашиот ревизорски тим задолжен за спроведувањето на ангажманот и клиентот како во фазата на планирање така и во периодот на спроведување на ревизијата. Нашата репутација се базира на две работи: квалитетот на извршениот ангажман и почитувањето на договорените рокови за негово исполнување. Не правиме никакви компромиси кога станува збор за квалитетот на нашата работа при исполнувањето на превидените рокови. Вашите рокови ги сфаќаме сериозно и целосно ги почитуваме. Почитувајќи ги договорените рокови, истовремено го почитуваме и Вашето и нашето време.

**Временска рамка**

| Опис | Потребно време |
|---|---|
| Ревизорски процедури – планирање, теренска работа и известување | 10 работни денови |

**Временска рамка за известување од спроведената ревизија**

| Опис | Индикативна временска рамка |
|---|---|
| Контрола на процедурата за годишно физичко пребројување | декември 2021/ јануари 2022 |
| Финална ревизија | март -април 2022 година |
| Завршен состанок со раководството, вклучувајќи и издавање на нацрт извештај | април 2022 година |
| Краен рок за поднесување на финалниот ревизорски извештај | април  2022 година |

# Тим и референтна листа

# Биографии

## Тимот на Грант Торнтон ДОО, Скопје

Ние нудиме оригинален пристап на соработка и сакаме да изградиме блиски работни односи преку конзистентно обезбедување на  флексибилни услуги. Нашата посветеност кон искуството со клиентот е основата на нашето работење.

Преку вклучување на искусни професионалци во тимот, ние настојуваме да внесеме иновативност и деталност во ревизијата преку примена на пропорционални, прагматични и решенија со додадена вредност.

Нашиот ангажман  ќе се темели на взаемна соработка во сите клучни засегнати аспекти, со цел да одржиме силна и доверлива врска преку целиот процес на развивање на вашиот бизнис. Ние одржуваме и подобар од потребниот однос партнер – вработени лица, што значи дека Вие ќе добите повеќе време со нашите најдобри луѓе.

И бидејќи ние користиме рамна работна поставеност на вработените без сложени алки на делегирање задачи, секој може да придонесе со своите идеи, не само неколку избрани луѓе. Резултатите од тоа се поодговорно извршување на услугите.

## Кои се вашите придобивки

Еден од најкритичниот дел во процесот на избор за назначување на вашите ревизори е изборот на луѓе кои ќе работат со вас. Ова не е само одлука за тоа кој ќе го потпише вашиот следен извештај, туку избор на тим со кој вие сакате да работите; тим што ќе додаде вистинска вредност во следната фаза од вашиот раст и развој.

Треба да почувствувате дека тимот кој што ќе го изберете ќе биде вистински доверлив ревизор кон вас и кон вашиот бизнис, подготвени секогаш да ве поддржат но и да го кажат она што навистина го мислат, нудејќи советодавна поддршка што е технички точна, но со прагматичен поглед кон комерцијалните предизвици со кои се соочувате.

Ние веруваме дека нашите луѓе ќе направат промена во вашиот бизнис и ќе донесат нов практичен пристап кој ќе го цените. Развојот и управувањето со силни работни односи меѓу нашите тимови се од витално значење за обезбедување ефикасна, квалитетна и проактивна услуга.

Нашиот  тим на Грант Торнтон  ДОО, Скопје  ќе ги минимизира нарушувањата во процесот во работењето, директно ќе ги реши проблемите на засегнатите страни и ќе обезбеди високо квалитетни услуги во согласност со вашата целокупна комерцијална стратегија и очекувањата на секторот. Нас не издвојува тоа што сениор членовите на тимот се лидери во Грант Торнтон но и во нивната професионална област.

## Вашиот клучен тим

Тимот што го составивме според Вашите потреби, има големо искуство во областите кои се приоритетни за вас и ја разбира огромната важност на ревизијата, која не се сведува само на претставување на точноста на податоците содржани во финансиските извештаи. Ревизијата дава увид и во начинот на управување, претставувајќи им ја целосната слика за бизнисот на потенцијалните инвеститори и аналитичарите/ со постоечките можности за раст и развој.

Ние ќе ангажираме тим со највисоко можно ниво на експертиза и искуство за да Ве поддржиме.

Тимот со кој располагаме вклучува голем број професионалци кои работеле на некои од посложените ревизорски ангажмани во регионот.

Ревизијата на вашите финансиски извештаи ќе биде наша приоритетна задача и ќе биде извршена од искусен тим кој ќе биде вклучен во сите аспекти на извршување на ангажманот.

Секој поединечен член на тимот е специјалист во својата област со потребните квалификации за извршување на ангажманот и ние силно веруваме дека тимот е оптимално структуриран за да ги здружи предностите на членовите за целите на успешно извршување на ангажманот, кој истовремено е организиран на најдобар начин за да одговори на вашите цели.

# Биографии на тимот




## Сузана Ставриќ

Партнер, Лидер за услуги на уверување

T +389 (02) 3214 700
M +389 (0)78 338 378
E **Suzana.Stavrik@mk.gt.com**


Она што навистина ми се допаѓа во мојата позиција во Грант Торнтон е можноста да работам со клиенти од различни сектори и индустрии за целосно да ги разберам нивните бизниси, нивните потреби и нивните очекувања. Јас сум на позиција Лидер на одделот за Ревизија во Грант Торнтон и сум одговорна за тимовите за финансиска и непрофитната индустрија во нашите канцеларии, при што внимавам нашите професионални тимови да работат ефективно со нашите клиенти и да остварат долгогодишни односи при обезбедувањето на високо-квалитетна ревизија. Со повеќе од 25 години искуство во ревизија, финансии и банкарство, јас сум специјализирана за работа со банки, осигурителни компании, инвестициски фондови, штедилници, брокерски друштва, фирми од кредитниот сектор и непрофитните организации, јавни и приватни компании и на национални и интернационални проекти на ЕУ/УСАИД/Светска Банка/други светски донатори/фондови. Од јули 2017 година, назначена сум за независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе банка Северна Македонија. Исто така, член сум на тимот за контрола на квалитет во во Грант Тотнтон Интернационал, Член сум на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и на Институтот на овластени ревизори на Република Косово.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по економија
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија
- Областен ревизор во Република Косово

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Албанија / Бугарија / Србија / Босна и Херцеговина / Узбекистан

### Јазици

Македонски / Англиски / Српски / Хрватски / Босански / Бугарски

# Биографии на тимот



## Марјан Андонов

Партнер

T +389 (02) 3214 700
M +389 (0)70 305 387
E **Marjan.Andonov@mk.gt.com**

Јас имам долгогодишно искуство како партнер за ревизија, лоциран во канцеларијата во Скопје и ги поддржувам динамичко растечките бизниси од големи интернационални и котирани компании до мали почетни бизниси. Со моето 35 годишно искуство во ревизијата и сметководството, сум работел во многу индустрии, финансики и непрофитен сектор, и сум советувал клиенти почнувајки од старт-ап бизниси па понатаму. Мојата улога како партнер за ревизија и услугите за уверување ми овозможува да имам увид во фазите на развој на клиентите и на тој начин да им овозможам придобивки од експертизата и услугите кои ги нуди Грант Торнтон, а се во согласност со нивните потреби и очекувања. Покрај работата со клиенти, јас исто така сум ментор за колегите и инвестирам дел од своето време во поддршка на останатите вработени да ја развиваат својата кариера. Исто така, јас сум независен член на одоборот за ревизија на Комерцијална Банка АД, Скопје и член на Одборот за супервизија на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по економија
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија
- Областен ревизор во Република Косово
- Овластен сметководител во Република Северна Македонија

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Албанија / Бугарија / Србија / Босна и Херцеговина / Узбекистан

### Јазици

Македонски / Англиски / Српски / Хрватски / Босански / Бугарски

# Биографии на тимот



## Маја Атанасовска

Партнер

T +389 (02) 3214 700
M +389 (0)78 338 374
E Maja.Atanasovska@mk.gt.com

Јас имам 15 годишно искуство специјализирано во ревизија и сум Партнер во одделот за Ревизија. Работам со голем број на клиенти од старт-ап претприемачи до котирани компании и индивидуалци со високи финансиски средства притоа помагајќи им да ги остварат своите стратегии. Целта е иста: да се даде прагматичен комерцијален совет кој е прилагоден на потребите на клиентот во секој стадиум од нивниот развој. Овозможувајќи им на клиентите да го ослободат потенцијалот за развој е вистинско задоволство за нашата работа и за целиот тим кој придонел за тоа. Јас сум редовен член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и истовремено член на Комисијата за спроведување на испит за стекнување на звање ревизор при самиот Институт.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по сметководство и ревизија
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија
- Ревизор во Република Косово

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Албанија / Бугарија / Србија / Босна и Херцеговина / Узбекистан

### Јазици

Македонски / Англиски / Српски / Хрватски / Босански / Бугарски

# Биографии на тимот



## Билјана Митревска


Сениор Менаџер

Т +389 (02) 3214 700
М +389 (0)78 338 372
Е Biljana.Mitrevska@mk.gt.com


Јас сум искусен Сениор Менаџер во одделот за ревизија и имам 18 години работно искуство во ревизија. Мојата работа првенствено се состои од извршување услуги на ревизија, уверување и регулаторна поддршка, а мојата експертиза е во областа на ревизија на компании од јавниот, приватниот, финансискиот и непрофитниот сектор. Клиенти на кои досега имам работено се компании од јавниот сектор, централни и комерцијални банки, штедилници, берзи, регулатори, инвестициски фондови, производствени и трговски друштва, како и компании за трансфер на пари, брокерски куќи и невладини организации. Горда сум што сум во срцето на создавање идејни решенија за управување со финансискиот сектор, соединување на проникливоста и трендовите за развој и раст на компаниите.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по финансиско сметководствен менаџмент
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Албанија / Бугарија / Србија / Босна и Херцеговина

### Јазици

Македонски / Англиски / Српски / Хрватски / Босански / Бугарски / Грчки



## Јасна Дуковска Јегени


Сениор Менаџер

Т +389 (02) 3214 700
М +389 (0)71 383 331
Е Jasna.Dukovska@mk.gt.com


Јас сум Сениор Менаџер во одделот за ревизија во канцеларијата во Скопје и имам повеќе од 18 години искуство како ревизор, работејќи со клиенти за, помеѓу останатото, целосно да го разберам нивното деловно работење, нивните потреби и нивните очекувања. Во текот на мојата кариера сум развила специфична експертиза во водечките индустриски сектори во земјата. Го имам тоа задоволство да работам со претприемачи, основачи и професионалци кои носат одлуки и се одговорни за развојот на пазарот и истовремено водам тим кој им помага на овие бизниси да ги исполнат своите потенцијали. За време на мојата кариера, јас сум учествувала во извршувањето на ревизија на повеќе од 100 ревизорски проекти со главно различни профили на клиенти, вклучувајќи јавни институции, меѓународно финансирани проекти, подружници на мултинационални групи, во различнии регулаторни средини.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по економија
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија
- Сертифициран ревизор за внатрешна ревизија во Република Северна Македонија
- Сертифицирани овластени сметководители, Велика Британија - АССА

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Албанија / Бугарија / Србија / Турција

### Јазици

Македонски / Англиски / Српски / Хрватски / Босански / Бугарски

# Биографии на тимот



## Наташа Костовска

Менаџер

Т +389 (02) 3214 700
М +389 (0)78 338 376
Е Natasa.Kostovska@mk.gt.com

Јас сум Менаџер во одделот за Ревизија во канцеларијата во Скопје и имам 14 години искуство како ревизор, работејќи со клиенти за целосно да го разберам нивното деловно работење, нивните потреби и нивните очекувања. Во текот на мојата кариера сум развила специфична експертиза во водечките индустриски сектори во земјата. Го имам тоа задоволство да работам со претприемачи, основачи и професионалци кои носат одлуки и се одговорни за развојот на пазарот и истовремено водам тим кој им помага на овие бизниси да ги исполнат своите потенцијали.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по економија

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Босна и Херцеговина

### Јазици

Македонски / Англиски / Српски / Хрватски / Босански / Италијански



## Александра Бошковска

Менаџер

Т +389 (02) 3214 700
М +389 (0)76 338 311
Е Aleksandra.Boshkovska@mk.gt.com

Јас сум Супервизор во одделот за Ревизија во канцеларијата во Скопје и имам 19 годишно искуство работејќи со бизниси ориентирани кон развој во приватна сопственост или со приватни фондови и посебно сум задоволна од односите кои ги воспоставувам со клиентите врз основа на нашата секојдневна комуникација. Моите одговорности при ревизорските ангажмани вклучуваат теренска работа, тестирање, аналитички прегледи, сметководствени прегледи документација на интерна контрола и детални тестирања.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по финансии и банкарство
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово

### Јазици

Македонски / Англиски / Српски / Хрватски / Босански / Бугарски

# Биографии на тимот



## Вања Нелоска Стојковска

Супервизор

T +389 (02) 3214 700
E Vanja.Neloska@mk.gt.com

Јас сум Супервизор во одделот за Ревизија во канцеларијата во Скопје и имам 9- годишно искуство како ревизор на голем број на различни организации кои се соочуваат со предизвици на секојдневна основа, работам со колеги со кои обезбедуваме високо-квалитени услуги при тоа користејќи го нашето искуство да им асистираме на клиентите да ги остварат своите планови. Моите одговорности при ревизорските ангажмани вклучуваат теренска работа, тестирање, аналитички прегледи, сметководствени прегледи документација на интерна контрола и детални тестирања.

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по сметководство и ревизија

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Босна и Херцеговина

### Јазици

Македонски / Англиски



## Иван Панев

Супервизор

T +389 (02) 3214 700
E Ivan.Panev@mk.gt.com

Јас сум Супервизор во одделот за ревизија во канцеларијата во Скопје. Имам 11-годишно ревизорско искуство во деловно растечки компании во приватна или државна сопственост, и воспоставувам цврсти односи со клиентите врз основа на лична комуникација. Мојата улога во ревизорските ангажмани е извршување на теренски ревизии, суштински тестирања, аналитички прегледи, сметководствена анализа, подготовка на документација за интерна контрола и темелно тестирање

### Образование и професионални квалификации

- Дипломиран економист по бизнис администрација

### Искуство по земји

Северна Македонија / Косово / Албанија / Босна и Херцеговина

### Јазици

Македонски / Англиски

# Референтна листа

| Ревизорски услуги -Државни компании, јавни институции и агенции | | |
|---|---|---|
| ЕСМ, Електрани на Република Северна Македонија | Мепсо АД, Скопје | М-НАВ АД |
| Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | МЖ Инфраструктира | МЖ Транспорт |
| ТЕЦ Неготино | Македонска пошта | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој |
| Агенција за електронски комуникации | Агенција за цивилно воздухопловство | Агенција за вработување |
| Агенција за катастар на недвижности | Агенција за енергетика | Агенција за странски инвестиции |
| ЈП Службен весник | Јавно собраќајно претпријатие Скопје | ЈП за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор |
| Македонија пат | Национален парк Маврово | Национален парк Галичица |
| ЈП Водовод и канализација, Скопје | Водовод Куманово | Водовод Битола |
| Водовод Струмица | Проаква Охрид | Хидросистем Злетовица |
| ЈП Комунална хигиена | ИСАР Штип | Дервен Битола |
| Нискоградба Битола | Спортска сала Борис Трајковски | Клинички центар Скопје |
| Аеродром Александар Велики Скопје | Аеродром Св. Апостол Павле, Охрид | ЈПАУ Македонија |
| Здружение за заштита на авторски музички права -ЗАМП | Заедница на единиците на локална самоуправа -ЗЕЛС | Македонска развојна фондација за претпријатија -МРФП |
| Европска бизнис асоцијација | Словенечко македонски бизнис клуб | Скопски џез фестивал |
| Електропривреда, Република Српска, БиХ | Електропренос БиХ | Енергетска корпорација на Косово, КЕК, Косово |
| КОСТТ, Косово | КЕШ, Албанија | ОСТ, Албанија |

# Референтна листа

| Ревизорски услуги -Приватни компании | | |
|---|---|---|
| Макпетрол | ГАМА | ТЕТО |
| Витаминка | Адинг | Тинекс |
| Кнауф Радика | Кнауф Скопје | Дојран Стил |
| Мермерен комбинат | ФЗЦ 11 Октомври | РЖ Економика |
| Негорски бањи | 11 Октомври Еурокомпозит | Виталиа |
| Скопски пазар | Македонијатурист | Макаутостар |
| Радика Ресорт | Органска хемиска индустрија Наум Наумовски Борче | Порше Македонија |
| Тојота Авто центар | КИА Моторс | М-КАР |
| Корлеа Инвестхолдинг | Конти Хидропласт | Охис |
| Петролгас | ЈСП Актуел | Оилко |
| Актуел Енерџи | Лајкамобиле | Кабтел |
| Макпетрол Пром Гас | Технички гасови, Скопје | ТГС Сол Сее |
| ТГС Солхудропауер | ЕДС Деливери Солутионс | ПЦЦ Хидро |
| ПЦЦ Нев Хидро | Хидро Енерџи Груп | Јес Глобал |
| Гентерм | Кадино Индустри Груп | Макпромет |
| Млекара Тетово | Мик Свети Николе | Европа |
| Илинден 2002 | Здравје Радово | Жито Скопје |
| Жито Лукс | Житолеб | Жито Прилеп |
| Макомаркет | Нелт СТ | Јадран Готтино Фудс |
| Балкан Еко фруит | Раух | Тутунски комбинат Скопје |

# Референтна листа

| | | |
|---|---|---|
| Турунски комбинат Прилеп | Тутун Прилеп | Цигари Прилеп |
| Тобако | Цермат | Технокомерц |
| ИГМ Траде | Геинг | Елкос Груп |
| Блу чип | Брико Македонија | Бадел 1862 |
| Попова кула | Далвина | Агролозар |
| ДМ дрогерие Маркт | Лили Дрогерие | ПЗУ Диамед |
| Метромед | Метрополитен | Голдфарм |
| Неуромедика | Детоил | Рапуд билд |
| Квалитет пром | Енмон | Адора Инженеринг |
| Жикол | Актор Инженеринг | Дас Инженеринг |
| Лимак | ДОТ Архитекти | Глобал Констракшн |
| Балкан Груп Констракшн | ЦМБ Балкан | АБ Охрид |
| СИС Инвест | Инвест А | Тхор Импекс |
| Каргомакс | МА Труст | БЛС Груп |
| Екотип Оаза Екстра Скопско | Деламоде | Бусемак |
| Полиестердеј | Аитоникс | Бест Веј Инвестмент |
| Царсо Интернационал | ВИК Македонија | Јака 80 |
| Екотип | Тренд МР | Тетекс |
| Тритекс | Спридер | Кимико Гадине |
| Нат Текстиле | Тетекс Јарн | Елан пропертис |
| Сурвалент Теџнолоџи | Медиа принт Македонија | Логин системи |
| Даталаб | ТДК Компјутери | ИПСОС Македонија |

# Референтна листа

| | | |
|---|---|---|
| Дуна Компјутери | Консалтинг Д | Микеи Интернационал |
| Алфа копи | Принтек | Спорт Медиа Пресс |
| Генералтурист | СЦ Јане Сандански | РК Вардар |
| ЖРК Вардар | ЖФК Каменица САСА | РК Пролет |
| ФК Вардар | Фудбалска академија | Телма ТВ |
| ЕКО Циркон | Стоп &Го | Ливиа Агрикултурал вентурес |
| Булгартел | Пренекон | Пан Интертртрејд |
| Еуро Актива | Евроланд | Трудбеник |
| Пренекон | Бортас | Моментум |
| Продис | Цукич и Марков | Инбокс |
| Акапура | Машинопромет | Бортас |
| Македонски Авио Транспорт | АТУ Македонија | СИС Авиатион |
| Аир Сервисес Македонија | Електрометал | Комуна |
| Агромеханика | Југохром | Тобачна |
| Леарница Охрид | МЗТ Хепес | МЗТ Пумпи |
| Југосвен | Макител | Мармакс груп |
| Минерал Цер | Паскалин Кафе | Сага Македонија |
| Оспам | Инвестком | Доримак |
| СМ 94 Скопје | САГА Бих | САГА Монтенегро |
| Зорлутекс | Пеко Тржич | Трансбалкан |

Grant Thornton

© 2021 Грант Торнтон ДОО. Сите права се задржани..
'Grant Thornton' се однесува на брендот,  под кој, фирмите членки на Grant Thornton им обезбедуваат услуги на уверување, даночни и консултантски  услуги на своите клиенти и/или се однесува на една или повеќе фирми членки во смисла на соодветниот контекст. Grant Thornton International Ltd (GTIL)  и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за дејствијата или пропустите на други фирми членки.

grantthornton.mk